Ilija Jovanov, MA[1]

UDC:
343.712.1:343.8

# ANALIZË VEPRËS PENALE VJEDHJE E RËNDË: ASPEKTET PENALO-JURIDIKE DHE KRIMINOLOGJIKE

# АНАЛИЗА НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ТЕШКА КРАЖБА: КАЗНЕНО-ПРАВНИ И КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ

# ANALYSIS OF SEVERE THEFT AS A CRIME: CRIMINAL-LEGAL AND CRIMINOLOGICAL CHARACTERISTICS

**Abstract**

Property delicts existed since the earliest beginnings of mankind. The desire to encounter something alien, as if it was originally incurporated into the human gene. Both the individual and the society as an organized whole - have reacted deeply to this deviant phenomenon. The sanctions in the past were various. But today there are various types of sanctions, as a rebuke to the society for the wrong done. From the analysis of the crime of Heavy theft, we will find that this crime is one of the crimes in the area of crime, which, in turn, is a set of criminal activities that attack other people's property in order to gain illegal property gain. In analyzing the forms of crime, it can be seen that they show a pronounced dynamics and a high degree of adjustment of the changes in the socio-economic systems and relations. The organization of the perpetrators of this type of criminality, both in our country and in the wider world, is worrying. Dealing with this type of criminality is a huge challenge for state authorities dealing with the detection, prevention and suppression of crime.

**Keywords:** property delicts, theft, severe theft, phenomenological characteristics, etiological characteristics.

---

[1] Авторот е Магистер на правни науки од областа на казненото право и Магистер на безбедносни науки. E-mail: ilija_jovanov@yahoo.com

## ВОВЕД

Имотните деликти ги имало уште од најстари времиња, односно уште со самата појава на сопственоста, имотот станал плен. Поради тоа, неопходно било да се воведат норми со кои граѓаните би се заштитиле од овие кривични неправа, или, пак, настанатата штета би била надоместена. Иако постојат норми со кои се казнуваат сторителите на имотните кривични дела, тоа не довело до целосно искоренување на ваквото поведение на луѓето, туку само во одредена мера, до нивно намалување.[2]

Казненото право не оперира во сферата на заштита на имотот со сопствени, оригинерни поими, туку се надоврзува на регулативата на овие односи во рамките на имотното право.[3]

Имотните деликти се најобемниот и најраспространетиот вид класичен-традиционален криминалитет (заради што е наречен масовен криминалитет), кој го сочинуваат кривичните дела со чие извршување противправно се присвојува или оштетува туѓо имотно добро или право.[4]

## 1. КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ ВО МАКЕДОНСКОТО КАЗНЕНО ПРАВО

Во Кривичниот законик[5], кривичните дела против имотот се сместени во Глава дваесет и третата.

Во оваа глава се систематизирани делата што претставуваат напад врз уставно загарантираното право на сопственост (чл. 130 од Уставот) и другите имотни права. Имотните интереси и права

---

[2] Петреска, Ж., *Компаративна анализа на казнената инкриминација на имотните кривични дела во Република Македонија и некои земји од Западен Балкан*, Скопје: Македонско здружение за кривично право и криминологија, Ревија бр.2, 2016, стр.11.

[3] Камбовски, В., *Казнено право (посебен дел)*, Скопје, 2003 година, стр.294.

[4] Велкова, Т., *Вовед во криминологија (авторизирани предавања),* 2-ри Август С: Штип, 2009, стр.83.

[5] *Кривичен законик* („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018).

се примарен објект, во сенката на кој останувaат односите во стопанското работење. Таквиот пристап влијае врз конципирањето на имотниот деликт како дело што значи атак врз капиталот и неговите односи на пазарот, но и надвор од него.[6]

Во Глава дваесет и третата на Кривичниот законик, спаѓаат следниве кривични дела: Кражба од член 235, Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас од член 235-а, Тешка Кражба од член 236, Разбојништво од член 237, Разбојничка кражба од член 238, Затајување од член 239, Послужување од член 240, Одземање туѓи предмети од член 241, Одземање на моторно возило од член 242, Оштетување туѓи предмети од член 243, Оштетување туѓи права од член 244, Бесправно градење од член 244-а, Оштетување на станбени и деловни згради и простории од член 245, Незаконито вселување од член 246, Измама од член 247, Измамување на купувачи од член 248, Измама при добивање кредит или друга погодност од член 249, Измама на штета на средства на Европската заедница од член 249-а, Осигурителна измама од член 250, Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем од член 251, Правење и внесување на компјутерски вируси од член 251-а, Компјутерска измама од член 251-б, Злоупотреба на довербата од член од 252, Неовластено примање подароци од член 253, Неовластено давање на подароци од член 253-а, Намерно предизвикување стечај од член 254, Предизвикување стечај со несовесно работење од член 255, Злоупотреба на постапката за стечај од член 256, Оштетување или повластување на доверители од член 257, Изнуда од член 258, Уцена од член 259, Лихварство од член 260 и Прикривање од член 261.

Горенаведените кривични дела можеме да ги класифицираме во повеќе подгрупи, во зависност од неколку критериуми.

Според намерата на сторителот, разликуваме дела што се вршат со намера за прибавување противправна имотна корист за себе или за друг или за дела што се вршат без таква намера.[7]

Првите, уште се нарекуваат и дела што најчесто се вршат од користољубие. Но, овие два поими, намерата за прибавување противправна имотна корист и користољубието, како мотив што значи

[6] Буџакоски, С., *Казнено право - посебен дел (авторизирани предавања)*, Скопје: ФОН Универзитет, 2005, стр.125.
[7] Ibid.

безобзирен егоистички стремеж да се постигне имотна корист по секоја цена, не се идентични поими.

Кривични дела, од оваа глава, што се вршат со намера за присвојување подвижен предмет, се кривичните дела од член 235 до член 239.

Во зависност од тоа дали со кривичното дело само се оштетува (намалува) имотот на друг или со тоа истовремено се зголемува имотот на сторителот, можеме да разликуваме дела на оштетување на друг и дела на зголемување на имотот на сторителот (или трето лице).

Според објектот на напад се врши следнава поделба:

- Дела против сопственоста врз подвижни предмети. Такви се делата: кражба, тешка кражба, разбојничка кражба, разбојништво, затајување, одземање туѓи предмети, одземање на моторно возило;

- Дела против имотот воопшто, имотните права и интереси: дела на намалување на имотот на друг или на зголемување на сопствениот имот (на сторителот). Тоа се, на пример, делата во врска со стечајот, изнуда, уцена, лихварство, прикривање.[8]

Најчести имотни деликти се кражбите и тешките (провалните) кражби. Притоа, најинтензивно се напаѓаат продавниците, куќите/становите, патничките моторни возила, аптеките, канцелариите и деловните објекти и други објекти на напад. Во овие деликти се вбројуваат и измамите, изнудите, уцените, доколку за цел имаат противправно присвојување на туѓ имот.[9]

### 1.1. Казнено-правни елементи на кривичните дела против имотот

По своето субјективно битие се умислени. Казненото право не го инкриминира небрежното посегање по туѓиот имот. Субјективната страна на повеќето дела е збогатена со посебна намера: за прибавување противправна имотна корист, за присвојување или оштетување. Намерата тука е субјективен елемент на противправноста, што ќе рече дека без таква намера делото не постои. Притоа, делата што во своето битие го имаат овој елемент не се

---

[8] Ibid, стр.125-126.

[9] Велкова, Т., *Вовед во криминологија (авторизирани предавања),* 2-ри Август С: Штип, 2009, стр.84.

исклучително егоистички, туку и алтруистички дела: намерата е насочена кон прибавување на имотна корист не само за себе, туку и за друг.[10]

Кај кривичното дело Тешка кражба сторителот е свесен дека одземањето го врши на противправен начин и знае дека мора да постои некаква последица од остварувањето на законското битие на кривичното дело. Ова значи дека најбитен елемент за да постои овој вид кривично дело е умислата, односно свеста која сторителот ја имал во моментот на извршувањето на делото.

Кога зборуваме за начинот на извршување на кривичните дела, мораме да го потенцираме фактот дека „сите кривични дела се карактеризираат со специфични начини на постапување. Тие се манифестираат со конкретен облик на криминална активност преку систем на постапки и дејства на деликвентот, со цел тој да дојде до практична реализација на своите намери преку чинот на извршување на своето дело. Со реализацијата на чинот на извршувањето, сторителот има намера да ги уништи вистинските траги и да создаде нови, вештачки, со намера криминалистичкиот сознаен процес да се насочи во погрешна насока, а да се оствари криминалната цел и трајно да ги ужива плодовите на кривичното дело“.[11]

Согласно одредбите на Кривичниот законик, објект на дејствието е туѓ подвижен предмет. Објект на дејствието може да биде само некаков предмет, нешто материјално. Според чл.122 ст.15 како подвижен предмет се смета и секоја произведена или собрана енергија за давање светлина, топлина или движење. Објект на дејствието е само подвижен предмет. Подвижниот предмет треба да е туѓ. Тоа е предмет што се наоѓа во фактичка власт на друго лице. Предметот може да се смета за туѓ и кога е во заедничка сопственост (кособственост) или владение на повеќе лица. Од тука, може да заклучиме дека предмет на извршување на кривичното дело може да биде секој предмет од материјална природа кој зазема одреден простор, без оглед во каква агрегатна состојба (цврста, течна, гасовита) истиот се наоѓа.

За да биде остварен основниот облик на кривичното дело Тешка кражба потребно е да се остварат две квалификаторни обележја, од кои едното се состои на просторот на кој се врши

[10] Камбовски В., *Казнено право (посебен дел)*, Скопје, 2003 година, стр.296.

[11] Види: Ангелески, М., *Криминалистика*, НИО Студентски збор, Скопје, 1993, стр.121.

кражбата, а другото на начинот на кој се врши кражбата, односно потребно е кражбата да е извршена во затворен простор, а одземањето да е извршено со обивање или провалување на затворениот простор. Затворениот простор во кривично-правна смисла е оној простор кој за време на извршување на кражбата е затворен на таков начин каде што јасно се гледа намера на корисникот на просторот да го обезбеди, односно заштити одредениот простор, така што во овој простор воопшто да не може да се влезе без обивање или провалување.

Тешка кражба претставува посебен, квалификуван облик на кражба. При тоа за нејзиното постоење потребно е да во поглед на дејствието на извршување, објектот и намерата на сторителот да се остварени обележја на кривично дело кражба. Она што обичната кражба ја прави тешка кражба, тоа се околностите под кои се врши делото. Тие околности може да се однесуваат на начинот на извршување на кривичното дело. Така, на пример, ако кражбата е извршена со кршење или со провалување во затворени простории, потоа ако истата е извршена под околности кои претставуваат посебна опасност на сторителот. Така, на пример, кражба извршена од повеќе лица кои се здружиле за вршење кражба или кои со себе имале оружје или опасно орудие за напад или одбрана. Користење на посебна ситуација за извршување на делото, исто така, може кражбата да ја квалификува како тешка кражба. Па така, на пример, доколку кражбата е извршена за време на пожари, поплави или слични непогоди и кражба извршена со искористување на некој или неволја на друг. Специфичноста на предметот кој е објект на кражба, исто така, кражбата може да ја оквалификува како тешка кражба. На пример, доколку се работи за кражба на културни добра или археолошки наоди. Исто така, и вредноста на украдените предмети претставуваат квалификаторен елемент на делото. Доколку при извршување на кражба постоеле некои од наведените квалификаторни околности, сторителот ќе одговара само за едно дело - тешка кражба, а различните облици на тешката кражба се земаат како алтернативно одредени дејствија на извршување на ова кривично дело. Така, на пример, постои само едно кривично дело тешка кражба ако предметот го украло лице кое со себе имало оружје кое било наменето за напад или за одбрана или ако повеќе лица кои се здружиле за вршење кражба - извршиле кражба со искористување на немоќ или неволја на некое лице.

## 2. ОБЛИЦИ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ТЕШКА КРАЖБА

### 2.1. Провална кражба (чл.236 ст.1 т.1 од КЗ)

За овој облик на тешка кражба карактеристични се две околности: одземањето на туѓите подвижни предмети да се врши во затворен простор и тоа да се прави со обивање или провалување на просторот.

Комплементарен дел од одземањето на предметите е дејствието на совладување на затвореноста на просторот.[12]

Затворениот простор, во овој облик на кривично дело, се смета за секој простор во кој не може слободно да се влезе, туку е неопходно претходно да бидат отстранети препреките чија цел е затворање на истиот простор. Ова затварање може да се изврши на различни начини: со заклучување, со ставање катанец, со подигнување на висок ѕид или високи огради и слично, а просторот мора да биде затворен од сите страни. Така, на пример, за затворен простор не се смета земјиште кое е заградено само од една страна, приземна зграда чија врата е заклучена а прозорите се отворени, зграда чиј главен влез е затворен а вратата од спoредниот влез останала отворена и слично. Пречките поради кои некој простор го прават затворен треба да се такви да пробивањето во просторот да се оствари само со нивно совладување или отстранување, при што се претпоставува дека станува збор за поголеми пречки и дека за нивно отстранување е потребно делување на сторителот. Ниската ограда која може да се прескокне или ретката ограда низ која сторителот може да се протне, не се смета за затворен простор. Симболичното затварање, исто така не го прави просторот затворен како, на пример, куфер кој е врзан со капак, поштарски пакет, картонска кутија и сл. Затворениот простор може да биде неподвижен (зграда, земјиште) или подвижен (каса, автомобил), може да се наоѓа под земја, на земја или над земја. Во законот како затворени простори се наведени затворени згради, соби, како и ормани, кои се најчести места за извршување на овој вид кривично дело. Тоа можат да бидат и други затворени простори како, на пример, заклучени автомобили, автобуси, чамци, куфери, викенд куќи, магацини и сл.

Кражбата треба да се врши со обивање или провалување на затворен простор. Во одредување на поимот на овие начини на

---

[12] Буџакоски, С., *Казнено право - посебен дел (авторизирани предавања),* Скопје: ФОН универзитет, 2005, стр.128.

извршување на кражба постојат различни сфаќања во теоријата на кривичното право, а и во судската пракса во тој поглед не е единствена. Според едно сфаќање, обивањето е насилно влегување во затворен простор со употреба на физичка сила за отстранување на препреките, тоа би постоело доколку, на пример, во некоја зграда се влезе со пробивање на вратата, пробивање на прозор, копање на отвор во ѕидот, обивање катанец на куфер, насилно отворање на брава на каса и сл. Основно е отстранувањето на препреките да се врши со употреба на сила, без оглед на тоа дали во затворениот простор се влегува преку местото кое е наменето за влегување. Провалувањето, исто така, претставува влегување во затворен простор, но без отстранување на препреките, без повреда на нивниот состав (вовлекување преку некој отвор, прескокнување преку ѕид, отклучување на врата и слично) според ова сфаќање провалувањето би постоело и кога туѓиот затворен простор се отвори со оригиналниот клуч до кој се дошло на нелегален начин.

Друг аспект е оној според кој во содржајна смисла нема разлика помеѓу обивање и провалување. Под двата поима се подразбира насилно совладување на затворениот простор пред кој се вршат овие дела. Обивање е насилно совладување на затворениот простор кој е наменет за сместување и чување на одредени предмети како каси, куфери, ормани и сл. Провалување е насилно влегување во затворен простор како згради, чамци, оградени земјишта, затворени дворови и др. Исто така, провалување може да се оствари со насилно отстранување на препреките, но тоа опфаќа друг случај на пробивање во просторот како употреба на лажен клуч, или вистинскиот клуч до кој се дошло на неовластен начин, прескокнување, качување и др. Според тоа, за провалувањата се сметаат сите облици на неовластени влегувања во затворен простор, без разлика дали се врши со употреба на сила или повреда на препреките, односно нивно совладување на друг начин, со намера на тој начин да се дојде до туѓите неподвижни предмети.

### 2.2. Кражба извршена од страна на повеќе лица кои се здружиле за вршење на кражба (чл.236 ст.1 т.2 од КЗ)

Кај овој вид облик на тешка кражба спорно е колку лица треба да учествуваат во извршување на делото за да стане збор за повеќе лица. Поимот „повеќе“, по правило, означува најмалку три

или повеќе лица. Друг услов за постоење на делото е кога сторителите се здружени за вршење кражба, а исполнет е кога помеѓу два или повеќе сторители на кражбата постоел претходен договор да се извршат поголем број на кражби кои не се индивидуално одредени ниту по време, ниту по место, односно по начинот на извршување. Притоа, не мора да станува збор за трајно здружување за вршење кражба за да постои делото - доволно е да е извршена само една кражба, која не мора да резултира од претходен договор за вршење на кражба. Неопходно е повеќе лица да учествуваат во кражбата, а не само да се договориле за извршување на ова дело.

Потребно е да постои здружение за извршување повеќе, најмалку две кражби. Не е битна формата на здружението, внатрешните односи меѓу членовите, битно е неговата цел да се однесува на повеќе кражби (определен или неопределен број). Не постои тешка кражба ако се работи за договор за извршување на една кражба, ако две или повеќе лица се договараат за секоја кражба поединечно, без однапред определена цел за вршење повеќе кражби. Во извршувањето на делото треба да учествуваат најмалку две или повеќе лица што се здружиле за вршење кражби, формата на учество може да биде различна: извршителство, односно соизвршителство или помагање.[13]

### 2.3. Кражба извршена на дрзок начин (чл.236 ст.1 т.3 од КЗ)

Во овој случај станува збор за кражба која по својот интензитет видно отскокнува од просечната мерка на дрскоста како одраз на интензивна злосторничка енергија за совладување на постојните препреки за извршување на кражбата.

Дрскоста е квалификатив што сублимира две компоненти: објективна, одразот на дејствието на сторителот врз околината (тоа е такво што вчудоневидува, заплашува, изненадува) и субјективна што се однесува на посебната храброст, решителност, готовност на сторителот да се излага на поголем ризик да препадне, изненади и слично.[14]

Дрскоста во извршување на кражбата се изразува, пред сè, преку упорноста и безобѕирноста на сторителот во извршувањето, неговата спремност при голем ризик да изврши такво дело или да искористи ситуација кога најмалку се очекува да може да се

[13] Ibid, стр.129.
[14] Ibid, стр.129.

изврши кражбата, таков вид кражба е извлекување на паричник од заден џеб во гужва, во тој случај не се работи за дрска кражба, но во случај паричникот да се одземе од внатрешниот џеб со сечење на поставата на капутот или кога сторителот ја злоупотребува довербата на жртвата и за време додека разговара со истата го извлекува паричникот од џебот тогаш постои овој облик на кражба - дрска кражба.

### 2.4. Кражба извршена од лица кои со себе имаат оружје или опасно орудие заради напад или одбрана (чл.236 ст.1 т.4 од КЗ)

Под опасно орудие притоа се подразбира секој предмет кој е предвиден за напад или одбрана, односно секој предмет со кој може телесно да се повреди интегритетот на друго лице на пр. тоа може да биде нож, скалпел, алатка или алат, и сл. Оружјето може да биде ладно - нож или огнено - пиштол, пушка и сл.

За време на извршување на делото оружјето или опасното орудие треба да се наоѓа кај сторителот и да е наменето за напад или одбрана поврзана со кражбата. Овој облик на тешка кражба не би постоел ако сторителот редовно со себе носи оружје или опасно орудие, на пример, службено лице што носи револвер или дрвосечач што носи секира.

За постоење на делото не е потребно оружјето или опасното орудие да биде употребено, доволно е сторителот да го носел со себе со таква намера, бидејќи ако дојде до тоа сторителот на делото да го употреби оружјето или опасното орудие со таквите дејствија сторителот може да изврши друго кривично дело на пр. Разбојништво или разбојничка кражба или пак може да се работи за стек на овој облик на кривично дело тешка кражба со некое кривично дело против животот и телото. Таков случај постои кога, на пример, сторителот со употреба на огнено оружје или орудие при извршување на кражбата на оштетениот му нанесе и тешка телесна повреда или телесна повреда.

Ако за време на извршување на кражбата учествуваат повеќе лица, доволно е еден од нив да има во себе оружје или орудие за напад или одбрана, во тој случај и останатите учесници на делото ќе одговараат за овој облик на тешка кражба ако оваа околност била опфатена со нивната умисла.

### 2.5. Кражба извршена за време на пожар, поплава или слична несреќа (чл.236 ст.1 т.5 од КЗ)

Под несреќа во смисла на оваа одредба се подразбира ситуација во која постои опасност за животот на луѓето и за нивниот имот, таа ситуација може да биде природна појава која е предизвикана со дејствување на елементарни непогоди, на пример, пожари, поплави, земјотреси и сл. на овие непогоди човекот нема никакво влијание. Но, под несреќа може да се подразбере и состојба која е предизвикана од некое човечко дејствување како на пример сообраќајна несреќа во воздушниот, железничкиот или во патниот сообраќај во кој несреќи не се оштетени само сообраќајните средства, туку оштетени се и луѓето, кои остануваат потполно незаштитени од кражби, што укажуваат на значително зголемена општествена опасност од кражба извршена под тие околности, бидејќи повредените патници и сообраќајниот персонал останал без заштита.

За да постои овој облик на тешка кражба истата треба да е извршена за време на несреќата, па поради тоа таа е и временски ограничена и овој облик на тешка кражба може да се изврши од настанување на несреќата па се до повторно воспоставување на редовната состојба, односно сè додека не се воспостави нормална заштита и обезбедување на имотот од кражба.

Дејствието на сторителот треба да биде временски и просторно блиско на времето, односно местото на несреќата, и да се врши за времетраењето на овие настани или непосредно по тоа. Сторителот треба да биде свесен за постоењето на состојбата на пожар, поплава или слична несреќа (не постои тешка кражба ако некој влезе во празен стан и од тука украде нешто без да знае дека домашните го напуштиле станот поради земјотрес што се случил непосредно пред тоа).[15]

### 2.6. Кражба со искористување на немоќта или несреќата на друг (чл.236 ст.1 т.6 од КЗ)

Кога се зборува за немоќ се мисли на физичка или психичка немоќ која ја оневозможува жртвата да преземе мерки за заштита на предметите од кражба или немоќ за спречување на друг да ги одземе предметите, немоќта може да постои поради болест,

[15] Ibid, стр.129-130.

телесна повреда или инвалидност на жртвата, несвесност и заради други околности како на пр. тешка емотивна состојба поради ожалостеност или страв. Кога зборуваме за болест и повреди како причина на немоќ во смисла на оваа одредба доаѓаат во предвид само оние повреди и болести кои кај оштетениот, односно жртвата предизвикуваат неподвижност и врзаност за кревет како што се: парализа, скршеници на нозете, скршеница на рбет и сл.

За да постои овој облик на кривичното дело потребно е сторителот да ја искористи немоќта на оштетениот и на тој начин да ги одзема предметите, значи да ја искористи таа специфична околност што оштетениот не е во можност да го заштити својот имот и да го спречи сторителот да ја изврши кражбата кое нешто би го сторил во нормални прилики.

Под несреќа се подразбира таква ситуација каде што се смалува шансата оштетениот да се заштити од кражбата, односно му се овозможува на другото лице да ја искористи таквата околност во извршување кражба. Несреќата може да биде предизвикана од разни фактори, кои може да бидат од материјална, здравствена или од друга природа, но во секој случај со неа се намалува можноста на оштетениот да го заштити својот подвижен имот, а кои околности ги искористува сторителот на делото искористувајќи ја настанатата ситуација. На пример, во несреќа се наоѓа лице кое патува при тоа му е се украдени сите пари или лице кое нема можност болниот член на семејството итно да го пренесе до болница. Ваквите ситуации негативно влијаат на спремноста и на можноста на оштетениот да го заштити својот имот од кражба.

### 2.7. Кражба на предмети од значителна вредност, со вредност од големи размери и од посебно научно, културно или историско значење (ст.2, 3 и 4 од чл.236 од КЗ)

Квалификаторен елемент е вредноста на украдените предмети (ст.2 и 3). Релевантна е, притоа, пазарната, а не набавната вредност на предметите. Одземањето повеќе поединечни предмети од помала вредност претставува тешка кражба ако нивната вкупна вредност е од значителна вредност или вредност од големи размери (за овие поими види чл.122). Умислата на сторителот треба да содржи свест за вредноста на одземените предмети, што значи дека е релевантна т.н. error in objecto: ако сторителот мисли

дека одзема предмет од мала вредност, би требало да се земе дека постои обична кражба.[16]

Како посебен облик (ст.4) е издвоена и кражбата на добро под привремена заштита, културно наследство, природна реткост (види ги одредбите за заштита на културното наследство и природата) или уред или друг предмет од посебно значење за сигурноста на луѓето и имотот и сигурноста на јавниот сообраќај или објект на јавни инсталации (железнички шини, уреди за сигнализација во сообраќајот, жици за пренос на електрична струја итн.).[17]

За постоење на поблагиот облик на кривичното дело Тешка кражба, односно привилегираниот облик од ст.5, потребно е да бидат исполнети два кумулативни елементи и тоа: мала вредност на предметот и директна умисла на сторителот на кривичното дело (што опфаќа свест за помалата вредност на предметот).

## 3. КРИМИНОЛОШКИ ЕЛЕМЕНТИ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ТЕШКА КРАЖБА

Со цел подетално разгледување на криминолошките елементи на кривичното дело Тешка кражба, најпрво ќе извршиме поделба на етиолошките и на феноменолошки карактеристики.

Криминалната феноменологија се занимава со проучување на појавните облици на кривичните дела, додека, пак, криминалната етиологија се занимава со изучување на причините на криминалитетот.

Феноменологијата како наука е дел од филозофското учење за манифестирање на појавите во најширока смисла.

Криминалната феноменологија истовремено ги проучува и индивидуалните и општествените својства на нивните извршители, нивните навики, начин на живот, а според мислењето на некои автори и нивните посебни жаргони, празноверија, симулирања и сл. На тој начин криминалната феноменологија придонесува за покомплексно познавање на криминалниот феномен.[18]

---

[16] Камбовски, В., *Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија (интегрален текст)*, Скопје: Матица, 2011, стр.869.

[17] Ibid.

[18] Сулејманов, З., *Криминологија*, второ дополнето издание, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 2003, стр.39.

Во предметот на изучување на криминалната феноменологија спаѓаат: територијалната распространетост, временските варијации, различни манифестации во рамките на иста група дела, структурата, систематизацијата и класификацијата на криминалните појави.

Авторката Велкова, поимот на криминалната феноменологија го определува како „област (дел, подрачје) на криминологијата која ги проучува појавните форми и карактеристиките на манифестирањето на криминалитетот како масовна појава и како индивидуална појава со што ни дава опис-дескрипција на криминалитетот“.[19] Авторката смета дека „со феноменолошките сознанија за криминалитетот може да се дојде до причините на криминалното однесување, а со тоа и до начините за нејзино сузбивање“.[20]

Бидејќи во рамките на криминалната феноменологија е вклучена е типологијата, односно класификацијата на криминалитетот, треба да напоменеме дека според криминолошката класификација, кривичните дела против имотот влегуваат во групата на имотни деликти. Според истата класификација, освен делата од Глава XXIII од Кривичниот законик, влегуваат и некои други кривични дела од областа на стопанскиот криминалитет.

Имотните деликти се најобемниот и најраспространетиот вид класичен-традиционален криминалитет (заради што е наречен масовен криминалитет), кој го сочинуваат кривичните дела со чие извршување противправно се присвојува или оштетува туѓо имотно добро или право.[21]

Па така, според авторот Игњатовиќ[22] имотните деликти можат да се класифицираат според односот на сторителите кон делото и карактеристиките на сторителите, па така тој ги дели на ситуационен, конвенционален и професионален. Во ситуациони имотни деликти се вбројуваат оние кои се случуваат како резултат на некој постоечки услов - повод нешто да се одземе (отворена-незаклучена врата, оставен имот без надзор и сл.), заради што и некој кој не е

[19] Велкова, Т., *Вовед во криминологија (авторизирани предавања)*, 2-ри Август С, Штип, 2009, стр.59-60.
[20] Ibid.
[21] Ibid, стр.83.
[22] Види: Игњатовиќ, Ѓ., *Криминологија*, НОМОС, Белград, 1992, стр.159-160, наведено во: Велкова, Т., *Вовед во криминологија (авторизирани предавања)*, 2-ри Август С: Штип, 2009.

криминалец може да подлегне на искушението да одземе нешто туѓо. Затоа овие кривични дела се вршат непланирано и неподготвено, невешто или аматерски. Конвенционалните имотни деликти ги вршат лица кои веќе се навлезени во криминалитет, но сепак сеуште не се исклучиво ориентирани на вршење кривични дела, заради што се наречени полупрофесионалци. Професионалниот имотен криминалитет го вршат повеќекратни повратници на кои вршењето на имотните деликти им е основно „занимање“ и извор на средства за егзистенција.

Најчести имотни деликти се кражбите и тешките (провалните) кражби. Притоа, најинтензивно се напаѓаат продавниците, куќите/становите, патничките моторни возила, аптеките, канцелариите и деловните објекти и други објекти на напад. Во овие деликти се вбројуваат и измамите, изнудите, уцените, доколку за цел имаат противправно присвојување на туѓ имот. Сторителите се најчесто на возраст до 40 години. Учеството на малолетниците во вкупниот имотен криминалитет е доста високо (од 15-40%). Учеството пак, на имотните деликти во вкупниот малолетнички криминалитет (кај нас се движи и до 96% од вкупниот пријавен малолетнички криминалитет). Најтешките кривични дела од овој вид кои ги вбројуваме во насилнички криминалитет се разбојништвото и разбојничката кражба, коишто секојдневно се во пораст и кои се пројавуваат во сѐ потешки форми на извршување и сѐ потешки последици, вклучувајќи ги тешките телесни повреди и смрт на жртвите.[23]

Криминалната етиологија зазема суштествено место во криминологијата, оттаму што сите емпириски истражувања главно се вршат во оваа област. Вообичаено се дефинира како подрачје на криминологијата која ги проучува општите причини (корени) и непосредните причини, поводи и услови (криминогени фактори) на криминалитетот како масовна општествена и поединечна појава.[24]

Прашањето за етиологијата (причините, корените, генезата) на криминалното однесување е централно прашање на криминологијата како наука. Имено, доаѓањето до сознанија за причината на

[23] Наведено според: Велкова, Т., *Вовед во криминологија (авторизирани предавања)*, 2-ри Август С, Штип, 2009, стр.84-85.

[24] Сулејманов, З., *Криминологија*, второ дополнето издание, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 2003, стр.39.

криминалитетот овозможува насочување на општествената реакција кон вистинските фактори кои биле причина и го условиле криминалитетот како индивидуална и масовна (општествена) негативна појава.[25]

За етиолошките проучувања е неопходно да се дефинира поимот на криминогени фактори во кои всушност лежи причиноста на криминалното однесување. Во криминолошката литература најчесто криминогените фактори се дефинираат како објективни и субјективни чинители кои дејствуваат во процесот на настанувањето, формирањето и конечната реализација на криминалитетот како масовна општествена појава и поединечното поведение.[26]

Криминогените фактори претставуваат сите оние околности и влијанија што преку своето заемно и поврзано етиолошко делување го предизвикуваат криминалното поведение.

Во групата на криминогени фактори кои предизвикуваат девијантно и криминално поведение на личноста, влегуваат неколку групи на фактори, како што се: економските фактори, идејните (идеолошките) фактори, микрогрупните фактори (семејството, околината и општеството), социопатолошките појави (алкохолизам, наркоманија, проституција, хазардни игри и сл.) и др.

Пристапувајќи кон утврдување на појавата на одделни кривични дела, уште во 1796 година, Годвин наведува две групи причини на имотните кривични дела (особено на кражбите и измамите). Тоа се:

- Крајното сиромаштво кое неизбежно води кон пораст на криминалитетот. Во оваа смисла наведувајќи ја состојбата во Англија вели дека дури на шест граѓани доаѓа еден кој е во состојба пристојно да живее. Ситуацијата станала таква, вели натаму Годвин, што состојбата во општеството за економски слабите поединци личи на воена состојба. Државата не се сфаќа како фактор што ќе ги згрижи овие членови на заедницата, туку како општество кое повластува едни на сметка на други.

[25] Велкова, Т., *Вовед во криминологија (авторизирани предавања)*, 2-ри Август С, Штип, 2009, стр.107.
[26] Ibid, стр.128.

- Тој контраст уште повеќе се зголемува со раскалашеноста на богатите, така што оние кои се економски слаби уште посилно ја чувствуваат сета бедотија на својата положба.[27]

## CONCLUSION

The subject of analysis of this paper is the crime of severe theft from Article 236 of the Criminal Code. This crime belongs to the group of crimes against property. The property and the right to property in our country are constitutional category. This means that the highest legal act in the state - the Constitution - guarantees the right to property.

But, undoubtedly, despite the existence of legal norms that protect the right to property, this type of crime is, however, with the biggest percentage of criminality in our country.

In this paper, I analyzed the criminal elements of the crime of severe theft, and at the same time we reviewed the etiological and phenomenological characteristics.

From the overall analysis of this type of crime, we can draw the conclusion that dealing with this type of criminality presents a huge challenge for the state authorities dealing with the detection, prevention and suppression of crime.

**Рецензенти:**
**Проф. д-р Методија Ангелески**
**Доц д-р Наташа Тодоровска**

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

**1.** Ангелески Методија, Криминалистика, НИО Студентски збор, Скопје, 1993;

**2.** Буџакоски Стефан, Казнено право - посебен дел (авторизирани предавања), Скопје: ФОН Универзитет, 2005;

3. Велкова Татјана, Вовед во криминологија (авторизирани предавања), 2-ри Август С: Штип, 2009;

**4.** Жаклина Петреска, Компаративна анализа на казнената инкриминација на имотните кривични дела во Република

[27] Види кај: Сулејманов, З., *Криминологија*, второ дополнето издание, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 2003, стр.513.

Македонија и некои земји од Западен Балкан, Скопје: Македонско здружение за кривично право и криминологија, Ревија бр.2, 2016;

5. Игњатовиќ Ѓорѓи, Криминологија, НОМОС, Белград, 1992;

6. Камбовски Владо, Казнено право (посебен дел), Скопје, 2003;

7. Камбовски Владо, Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија (интегрален текст), Скопје: Матица, 2011;

8. Сулејманов Зоран, Криминологија, второ дополнето издание, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 2003;

9. Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018).